1741

Сојуз на здруженијата на борците од НОВ
на Социјалистичка Република Македонија
ОПШТИНСКИ ОДБОР
Бр. 03-16/1
4. II 1989 год.
РЕСЕН

ДО
ГЕНЕРАЛЕН ПОЛКОВНИК ВО ПЕНЗИЈА
ДАНЕ ПЕТКОВСКИ
БЕЛГРАД

Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ-Ресен, со цел да се овековечи ликот и револуционерниот придонес на прославениот командант и воен раководител-Наум Веслиевски-Овчарот, покрена иницијатива за собирање на мемоарски материјали, што ќе послужат за издавање на Монографија за овој познат револуционер, кој зазема значајно место во македонската и во општојугословенската Револуција.

Во врска со издавањето на ваква публикација извршени се почетни разговори со преживеани борци и соборци на Наум Веслиевски, главно , во Скопје, Битола и Ресен, кои во одделни периоди биле и се бореле во единиците со кои командувал Овчарот, а кои со свои сеќавања можат да дадат вреден придонес за реализирање на нашата иницијатива и поцелосно расфетлување на борбениот дух и придонес на Овчарот во социјалистичката Револуција.

Во оваа насока, Општинскиот одбор голем придонес очекува и од Ваша страна, поаѓајки од фактот дека ни е познато Вие сте еден од оние кои војувале во борбените единици на Овчарот и сте биле и раководител на батаљонот"Стив Наумов", почнувајки од неговото формирање во Винени, па се до вклучувањето на овој батаљон во составот на Седмата Македонска ударна бригада. Поради тоа, во право сметаме дека можете да дадете изворни податоци и сеќавања за многу значајни настани од борбените акции на баталјонот, особено за борбениот марш од Кожув до Црна Трава и обратно, преку кои засекогаш ќе се овековечат акциите и подвизите на Баталјонот, на Вас борците кои бевте во неговите прославени редови, а во тој склоп и улогата што ја имаше командантот Наум Веслиевски Овчарот.

Во тоа, цврсто веруваме дека ќе ја искажеме и нашата почит кон баталјонот, кој мина тежок, но во исто време и славен и победоносен пат и кон неговите борци, кон баталјонот, кој стана извор и ковачница на познати и смели револуционерни кадри, кои по неговото враќање на Кожув, беа распоредени на значајни функции по други единици, а и подоцна станаа врвни воени раководители, меѓу кои припаѓате и Вие другар генерале.

Информирајќи Ве за оваа наша иницијатива, очекуваме на Ваша целосна поддршка и драгоцен придонес за издавање на монографијата на Овчарот, која во исто време ќе остане и како тројно сведоштво за невидената храброст, смелост и непокорот на овој баталјон, кој даде борбен и слободарски придонес, достоен за наше почитување, во кој е вткаен и Ваш достоен дел, а за сегашните и идните генерации ќе преставува своевидно и изворно четиво кое вечно ќе зрачи и потсетува како се бореше и гинеше за слободата и како треба да се чуваат нејзините виделини.

Очекувајќи го Вашиот автетичен придонес и Вашите сеќавања за баталјонот "Стив Наумов", посебно за неговиот командант, со кој заедно сте биле на неговото чело, Ве известуваме дека со Вас ќе оствaруваме почести контакти и поцелосно ќе Ве информираме за текот на активностите во врска со издавањето на оваа, по наша оценка мошне значајна публикација.

Другарски Ве поздравуваме,

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СЗБ НОВ РЕСЕН
Претседател,
Торе Јоновски